**20151634666**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Врз основа на член 4 од Законот за вработување на инвалидни лица („Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/00, 16/04, 62/05, 113/05, 29/07, 88/08, 161/08, 99/09, 136/11, 129/15 и 147/15), министерот за труд и социјална политика донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КРИТЕРИУМИТЕ И НАЧИНОТ НА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НЕПОВРАТНИ СРЕДСТВА ОД ПОСЕБНИОТ ФОНД ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА УСЛОВИТЕ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И РАБОТЕЊЕ НА ИНВАЛИДНИТЕ ЛИЦА

Член 1

Во Правилникот за критериумите и начинот на доделување на неповратни средства од посебниот фонд за подобрување на условите за вработување и работење на инвалидните лица („Службен весник на Република Македонија“ бр. 156/08) во член 10, во ставот 1 зборовите „планирана набавка“ се заменуваат со зборот „набавка“ а по зборот „производство “ , се става запирка и се додаваат зборовите: „транспортни средства за превоз од и до работа на телесно инвалидни лица“.

По ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Средствата за опрема од став 1 на овој член се доделуваат само доколку работодавачот достави документ дека е во функција на работните задачи кои ги извршува инвалидното лице на работното место согласно наодот издаден од Комисијата од член 5 алинеја 4 од овој правилник“.

Член 2

Член 11 се менува и гласи:

„Кон пополнетото барање за доделување на средства за набавка на опрема покрај документите од член 4 од овој правилник и исполнувањето на условите од член 10 од овој правилник, се доставуваат и следните документи:

- опис на техничките карактеристики на опремата што е набавена во кој треба да е содржан и серискиот број опремата;
- извод од банка за платена опрема и фактура во оригинал;
- скица на просторот каде е сместена опремата и
- декларации и други документи доколку опремата е набавена од странство.“

Член 3

Во член 18 во ставот 2 зборовите: „на добавувачот на опремата и“ се бришат.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 09-8409/1
18 септември 2015 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
**Диме Спасов**, с.р.